# УЧЕСТВО НА СОНК НА СПЕЦИЈАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ETUCE ВО ЛИЕЖ

На 5 и 6 јули 2022 година, во Лиеж, Белгија, се одржа Специјална конференција на ETUCE на тема: „Мобилизирање за квалитетно образование“ (“Mobilising for Quality Education”).

Во текот на Конференцијата, претставниците на синдикатите, членки на ETUCE, се сретнаа и дебатираа на оваа тема, со цел зајакнување на солидарноста помеѓу наставниците и другите вработени во образованието низ Европа.

На конференцијата беа усвоени Предлог-резолуцијата за Синдикалниот ангажман и активност во Европа: „Мобилизирање за квалитетно јавно образование, за придобивките на учениците и подобрување на статусот на наставниците и целиот образовен кадар“, како и „Мировната резолуција за Украина“.

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК го претставуваа Претседателот на СОНК, Јаким Неделков и Лена Спасеновска Поповска, член на Советот на СОНК.

По усвојувањето на нацрт-документот: „Подигнување на статусот и подобрување на атрактивноста на наставничката професија“, во името на Претседателот на СОНК, Јаким Неделков, до присутните се обрати Лена Спасеновска Поповска.



Текстот од обраќањето во целост, може да се види тука.

Повеќе детали во врска со Конференцијата може да се  прочита и погледне на следниот линк.

---

# КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ – ТЕМА НА ДЕНЕШНАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

Денес, 17.02.2024 година, Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК ја одржа својата 26-та редовна седница, на која се дискутираше за завршените преговори помеѓу СОНК и Министерството за образование и наука (МОН) во врска со колективните договори за основно и средно образование.

На седницата, главен акцент беше ставен на причините кои доведоа до непотпишување на двата колективни договори. Беше констатирано дека СОНК и МОН беа на прагот на потпишување на истите, односно дека текстовите на двата договори поминаа на

јавна расправа пред членството и повторно беа усогласени помеѓу двете институции.

Како главни причини за непотпишување на договорите беа посочени: необезбедени финансиски средства од страна на Министерството за финансии (МФ), како и немање на репрезентативност во дејноста образование. Во однос на репрезентативноста, беше дискутирано дека подолг временски период се врши опструкција од страна на Комисијата за утврдување на репрезентативност при Министерството за труд и социјална политика (МТСП), па од таа причина е и неможноста за потпишување на колективните договори за основно и средно образование.

По опширната дискусија, членовите на Советот дадоа предлози за надминување на наведените проблеми, а по завршување на седницата, СОНК одржа прес-конференција на оваа тема.

---

# ЧЕСТИТ 1ВИ МАЈ, ДЕНОТ НА СИТЕ РАБОТНИЦИ

---

# РЕАКЦИЈА НА СОНК ПО ОДНОС НА ИЗЈАВАТА НА ПЕТАР

# АТАНАСОВ,ВИСОК ФУНКЦИОНЕР НА СДСМ

## КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ,ВКЛУЧИТЕЛНО И КОЕФИЦИЕНТОТ ЗА КЛАСНО РАКОВОДСТВО, ВАЖАТ САМО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, најостро реагира на изјавата на Петар Атанасов, член на највисокото раководство на СДСМ, дадена денес ( 23-09-2016 година),во изјава за средствата за јавно информирање. Со изјавата, во која споменатиот висок преставник на оваа политичка партија, изнесе исклучително исконструирани невистини против СОНК, со што направи грубо кршење на Уставот на Република Македонија, во делот на гарантирана слобода на организирање и делување на синдикатите, Законот за работни односи, повеќе меѓународни конвенции ,кои ги има ратификувано нашата држава и други правни акти. Отфрлајќи ги изнесените небулози, кои не би требало да си ги дозволи ни сосема неупатен човек во споменатите правни акти, а секако пресметано дадени со цел да му нанесе штета на угледот и вкупното функционирање и работење на најголемиот грански Синдикат во Република Македонија, Петар Атанасов убедени сме дека се судри и со повеќе членови од Кривичниот закон во Република Македонија.

Тврдењето на Петар Атанасов, дека СОНК со  писмен допис им забранувал на директорите на училиштата да распоредуваат класни раководства на наставниците кои не се членови на СОНК, ги надминува сите граници кои можат да бидат толериранина. Патем кажано, СОНК има голема документација за вакви или слични однесувања на високи претставници на СДСМ и во времето кога истата раководеше со Владата на Р. Македонија ( 2002-2006 година).  Како потсетување:- блокирање на ж-ро сметките на

СОНК повеќе од 1 месец во 2005 година, без никаква основа; исклучување на службените телефони на СОНК ; асистирање за бркање на раководството на СОНК од зградата на Работнички дом; целосно инволвирање на фингирање на т.н. Конгрес и обид за формирање на паралелен синдикат со исто име и … списокот е многу долг и затоа тука ќе го завршиме овој дел. И тогаш, а сигурно и сега резултатот од ваквите очајнички обиди за пресметка со СОНК, кој никогаш не одработува за политичките партии, секако вклучително и за СДСМ, ќе им биде зачленување во нашиот Синдикат и на оној многу мал дел на вработени во образованието, кои не се членови, токму од ,, пријателското" убедување од СДСМ.

Вистината, спротивно со изнесената тешка невистина од страна на Атанасов е – утврдениот дополнителен коефициент во висина од 0,20 за класно раководство во основните и средните училишта со Колективните договори за двете дејности, што СОНК ги има потпишано со Министерството за образование и наука и кои важат само за членовите на нашиот Синдикат, како што впрочем е секаде во современите држави. Иако можеби е одвишно, ама сепак ќе го кажеме аргументот дека Синдикатот не брани интереси на сите работници, туку само на тие, кои доброволно се зачлениле во таа организација и со тоа му пренеле овластување за застапување со надлежните органи во врска со правата и обврските од работен однос. Значи, законското право и обврска на директорите да распоредуваат класно раководство на наставници, кои ги исполнуваат условите за тоа, СОНК ниту може, ниту го брани тоа,. Но, за тие наставници кои не се членови на СОНК, не може да се примени споменатиот додаток утврден со колективните договори или уште појасно кажано, ќе биде исто како во времето на СДСМ кога ја остваруваше власта, а наставниците тоа добро го знаат, немаше додаток за класно раководство. Се наметнува, само по себе прашањето, што ќе го упатиме до Петар Атанасов – кој му е аргументот, во денешните тврдења, дека СОНК ги намалил правата, кога непобитни се фактите дека СОНК, особено во последните десетина години ги зголеми платите во образованието повеќе од двојно, секако

преку социјален дијалог и соодветни договори и документи со ресорното Министерство, трансформирани се повеќе од 9.000 работни места од определено на неопределено работно време, нема технолошки вишоци и покрај намалениот број на ученици заради проблемот со наталитетот… и нема Закон за замрзнати плати , како што беше од 1992 до 2002 година.

Ете тоа се дел од причините поради кои со никакви лаги, закани , притисоци, шарени ветувања не успеваат тие што сакаат да го нема СОНК. Но, тие што го кршат Уставот и законите, како што денес го направи Петар Атанасов, ќе треба да дадат одговор во меѓународните синдикални организации, во кои СОНК е редовна членка, во Меѓународната организација на трудот , пред претставниците на меѓународната заедница во Р. М. и други надлежни организации и органи.

---

# Честит празник – Ден на нашите просветители

Синдикатот на образование, наука и култура – СОНК на сите просветни работници им го честита празникот 24 Мај – Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј.



# СОНК бара К-15 за сите буџетари

**СООПШТЕНИЕ**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК упати Барање до Министерство за труд и социјална политика (МТСП), со кое се бара веднаш да се отпочнат преговорите за потпишување на Општ Колективен договор за јавниот сектор.

Барањето упатено до МТСП може да го погледнете тука.

# НОВИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕГИОНАЛНИОТ ОДБОР НА СОНК – СТРУГА ЈА ОДРЖА СВОЈАТА ПРВА СЕДНИЦА

Регионалниот одбор на СОНК – Струга ги информира своите членови дека на ден 31.01.2022 година (понеделник) ја одржа својата прва работна седница, на која беше конституиран и Регионалниот одбор.

На дневен ред на седницата беа отворени повеќе прашања, на кои главен акцент беше ставен на незадоволството на членовите на Регионалниот одбор во однос на ниските плати во детските градинки, основното и средното образование, науката и културата. Понатаму, спречување на хаосот во врска со неусогласеноста на минималната плата со колективните договори и продолжување на процесот за нивно потпишување, како и исплата на трошоци за превоз до и од работното место.

На крајот од седницата, Регионалниот одбор донесе заклучок за идните чекори кои треба да се преземат, како што се реформирање на организацијата, спречување на губење на членството, решавање на проблемите на сите нивоа, подигнување на правата на работниците, работа во безбедна и здрава средина, а пред се продолжување на социјалниот дијалог со социјалните партнери.

# СОНК И МЗЗПР ПРОДОЛЖУВААТ СО ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВА И БЕЗБЕДНА РАБОТНА СРЕДИНА

Во рамките на проектот "Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука", Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК и Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР, на ден 20.02.2023 година, одржаа работилница на која учествуваа членови на СОНК од Регионалните одбори на Велес и Штип.

На работилницата, присутните членови имаа можност да се едуцираат и да ги прошират своите знаења, благодарение на двајца предавачи односно стручно лице за безбедност и здравје при работа, како и доктор по медицина на труд, кои се експерти во својата област.





Работилницата, на која се обработија актуелни теми за безбедноста и здравјето при работа, беше интерактивна, пришто експертите од стручен и научен аспект одговорија на сите поставени прашања.

На крајот од работилницата, учесниците изразија голема благодарност за можноста да се стекнат со неопходните знаења од оваа, за нив, многу значајна област.

---

# ОДРЖАНИ СЕ ЕДУКАТИВНИ СЕМИНАРИ ВО ПОЛОВИНА ОД РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА СОНК

## ПРОДОЛЖУВА ОГРОМНИОТ ИНТЕРЕС ЗА СЕМИНАРИТЕ

Едукативните семинари со претседателите на синдикалните организации на СОНК, кои отпочнаа со одржување во текот на изминатиот месец, продолжија да се одржуваат и овој месец .

Во изминатите викенди беа одржани едукативни семинари во регионалниот одбор на СОНК- Тетово и регионалниот одбор на СОНК – Гостивар. Во овие два регионални одбори на СОНК, процентот на присуство на едукативните семинари од страна на претседателите ( или секретарите) на синдикалните организации на СОНК , беше на високо ниво, што е голем показател за потребата  за синдикална едукација на раководството во синдикалните организации.

Вредно е да се напомене дека мултиетничноста на нашиот Синдикат е изразена  токму во овие два регионални одбори на СОНК, во кои членуваат со огромен процент, од вработените од сите дејности што синдикално ги обединува СОНК, од сите националности од полошкиот и мавровскиот регион.



Во вториот дел од семинарите и во двата регионални одбори , на покана од претседателите на овие регионални одбори, присуствуваа раководителите на секторот образование од општина Тетово и општина Гостивар, што е доказ на коректионот социјален дијалог на ниво на локална самоуправа.



На 19 и 20-03- 2015 г . во регионалните одбори на СОНК Прилеп и Кавадарци се продолжи со одржување на едукативните семинари, на кои присуствуваа претседателите, или од нив овластени преставници од сите синдикални организации од споменатите регионални одбори на СОНК.



Не поделено е мислењето на сите учесници на семинарите дека, предвидените три теми пројавуваат голем интерес кај учесниците, но и предвидената  активност за одржување на семинарите во синдикалните организации со членовите од истите, на кои што членството ќе добие информација за придобивките од членувањето во СОНК, правата и обврските на секој член, заштитата од работен однос, надминување на слабостите во Синдикатот, како и зачувување на единството на СОНК.

---

# СОВЕТОТ НА СОНК ДОНЕСЕ И ЕДНОГЛАСНО ГИ УСВОИ ЗАКЛУЧОЦИТЕ

**14-ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА СОНК**

Советот на СОНК, во полн состав, на 26-10-2018 година ја одржа својата 14-та редовна седница, на која на дневен ред беа повеќе актуелни состојби од работењето на СОНК, а во надлежност на највисокиот орган на СОНК.



На седницата главен акцент беше ставено прашањето на продолжувањето на социјалниот дијалог , по одржаните средби со министрите во дејностите што ги застапува СОНК, а по неизбежниот прекин на истиот, во период на пред и по одржувањето на референдумот во Р.Македонија. По опширната дискусија, Советот на СОНК донесе заеднички став дека треба да се донесат Заклучоци, кои ќе се испратат до сите министри, за продолжување на преговорите и изнаоѓање на заеднички решенија по однос на отворените прашања во сите дејности што ги застапува СОНК, а во надлежност на СОНК, МОН, МТСП и Министерството за култура, што би значело, во дејноста детската заштита, основното, средното и високото образование, науката и во културата.

Советот на СОНК, по однос на ова прашање, едногласно ги донесе следните Заклучоци.